РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. С. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.N.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

До
Министерство за информатичко општество и администрација
Бул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54
1000 Скопје

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
Бр 04-75/4
21.08. 2023 год
ВИНИЦА

ПРЕДМЕТ: Барање за добивање на согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на општина Виница

Почитувани,

Во прилог Ви доставуваме Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на општина Виница за добивање согласност од Ваша страна.

Со почит,

општина Виница
Градоначалник
Миле Петков

Даниела 07.09.2023
1985

Република Северна Македонија

Министерство за информатичко општество и администрација

Republika e Maqedonisë së Veriut

Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Управни и административни органи
ВИНИЦА

Примено: 07.09.2023			
Орг.Един:	Број: 04-75/5	Прилог:	Вредност:

До: Општина Виница
Архивски број: 09-636/6
Датум: 06.09.2023година

Drejtuar: Komunës së Vinicës
Numri i arkivit: 09-636/
Data:_____.2023

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), Министерството за информатичко општество и администрација дава:

Në bazë të nenit 17 paragrafi (7) të Ligjit për të punësuarit në sektorin publik („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 27/14, 199/14, 27/16, 35/2018, 198/2018 dhe „Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ nr. 143/19 dhe 14/20) Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës jep:

СОГЛАСНОСТ
на

Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места **на општина Виница,** со архивски број: **04-75/4** од **21.08.2023** година.

PËLQIM
të

Rregullores për ndryshimin dhe plotësimin e Rregullores së sistematizimit të vendeve të punës në **Komunën e Vinicës,** me numër arkivi: **04-75/4** të datës **21.08.2023.**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

-Општина Виница, поднесе барање до Министерството за информатичко општество и администрација за добивање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на **општинската администрација на Општина Виница.**

Министерството за информатичко општество и администрација го разгледа доставениот акт и констатира дека истиот е во согласност со одредбите од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите од јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.

ARSYETIM

Komuna e Vinicës, pranë Ministrisë së Shoqërisë Informatike dhe Administratës, parashtroi kërkesë për marrjen e pëlqimit të Rregullores për ndryshimin dhe plotësimin e Rregullores së sistematizimit të vendeve të punës në **administratën komunale të Komunës së Vinicës.**

Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës, e shqyrtoi aktin e dorëzuara dhe konstatoi se i njëjti është në harmonizim me dispozitat e Ligjit për nëpunësit administrativ, Ligjit të të punësuarve në sektorin publik, Rregullores së përmbajtjes dhe mënyrës së përgatitjes së akteve mbi organizimin e brendshëm dhe sistematizimin e vendeve të punës, si dhe të përmbajtjes së analizës funksionale të institucioneve të sektorit publik dhe Katalogut të vendeve të punës në sektorin publik.

Министерство за информатичко општество и администрацијана
Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike dheAdministratës
Republika e MaqedonisësëVeriut

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi“ nr. 54, Shkup
Republika e MaqedonisësëVeriut

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за информатичко општество и администрација дава согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места **на Општина Виница,** со архивски број: 04-75/4 од 21.08.2023 година.

Sipas përshkrimit të pasqyruar më lart, Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës, jep pëlqim të Rregullores për ndryshimin dhe plotësimin e Rregullores së sistematizimit të vendeve të punës në **Komunën e Vinicës,** me numër arkivi: 04-75/4 të datës 21.08.2023.

Со почит,

Me respekt,

Министер за информатичко општество и администрација
Ministër i Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Dr. Azir Aliu

Подготвил / Përpiloi: Абдула Јашаров/Abdula Jasharov

Превел / Përktheu: Jusuf Zendeli

Д.Д./D.D

Министерство за информатичко општество и администрацијана
Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike dheAdministratës
Republika e MaqedonisësëVeriut

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi" nr. 54, Shkup
Republika e MaqedonisësëVeriut

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. С. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.N.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр. 27/14,199/14, 27/16, 35/18, 198/18) и Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/19 и бр.14/20, градоначалникот на општина Виница донесе

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
Бр 04-75/4
21.08. 2023 год
ВИНИЦА

ПРАВИЛНИК

За изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општина Виница

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општина Виница бр. 10-705/3 од 22.09.2015 година, Правилникот за изменувањена Правилникот за систематизација на работните места на општина Виница бр.10/472 од 30.05.2016 година, Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места на општина Виница бр.04-677/2 од 12.09.2016 година, Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места на општина Виница бр.01-148/2 од 24.02.2017 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општина Виница бр.01-133 од 01.02.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општина Виница бр. 01-390 од 02.04.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општина Виница бр. 01-390/2 од 27.07.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општина Виница бр. 01-54 од 14.01.2019 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општина Виница бр. 01-54/3од 07.08.2019 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општина Виница бр. 01-579/2 од 04.08.2021 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општина Виница бр. 04-284 од 04.03.2022 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општина Виница бр. 04-284/3 од 09.05.2022 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општина Виница бр. 04-75 од 26.01.2023 година.

Член 2

Во глава III Распоред и опис на работните места на помошно - техничките лица, член 10 **се менува и гласи**: „Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 27 работни места на помошно - технички лица од кои пополнети се 11 работни места на помошно технички – лица со 13 извршители и овластени службени лица во областа на безбедноста – професионални пожарникари, од кои пополнети се 11 работни места со 14 извршители, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на Општина Виница, од кои се пополнети вкупно 22 работни места".

Член 3

Во глава III Распоред и опис на работните места на помошно - техничките лица, член 11 алинеа 4 **се менува и гласи:**

„(овластени службени лица во областа на безбедноста – професионални пожарникари)

Работните места од овој правилник се распоредени на следниот начин:

Ниво	Назив на работно место/звање	Систематизирани работни места	Пополнети работни места
ПОЖ0210Б04 000	Командир на одделение	1	
ПОЖ0210В02 000	Пожарникар спасител – водач на група	5	4
ПОЖ0210В03 000	Пожарникар спасител – техничар	7	6
ПОЖ0210В04 000	Пожарникар спасител	1	1
	вкупно	14	11

Член 4

Во глава III Распоред и опис на работните места на помошно - техничките лица, член 13 став 4:

„(4) Посебни услови утврдени со посебен закон или колективен договор за помошно –техничките лица во областа работник во ПП единица од категоријата Б се:

за нивоата Б3 и Б4 ниво на квалификациите квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование

- Стручни квалификации: средно образование,
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото Б04 – 2 години работно искуство
  - за нивото Б11 – 2 години работно искуство
  - за нивото Б14 – со / без работно искуство
  - за нивото Б13 – со / без работно искуство“

се брише.

Член 5

Во глава III Распоред и опис на работните места на помошно - техничките лица, по член 13 се додава нов член 13 – а, кој гласи:

Општи услови утврдени со посебен закон или колективен договор за професионалните пожарникари се:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Член 6

Во глава III Распоред и опис на работните места на помошно - техничките лица, по член 13 - а се додава нов член 13 – б, кој гласи:

(1) Посебните услови утврдени со Закон за пожарникарство или колективен договор за овластени службени лица во областа на безбедноста – професионални пожарникари во областа Раководни пожарникари - спасители од Категоријата Б, треба да ги исполнуваат следниве посебни услови за работното место:

а) стручни квалификации, и тоа:
-за нивоата Б1 и Б2 ниво на квалификациите VI/A според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование и
б) работно искуство и тоа:
- за нивоата Б1 и Б2 најмалку четири години работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија како работен стаж,
- за нивоата Б3 и Б4 најмалку три години работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија како работен стаж.

(2) Општи работни компетенции се:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;

- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон засегнати страни и
- раководење

Член 7

Во глава III Распоред и опис на работните места на помошно - техничките лица, по член 13 - б се додава нов член 13 – в, кој гласи:

(1) Посебните услови утврдени со Закон за пожарникарство или колективен договор за овластени службени лица во областа на безбедноста – професионални пожарникари во областа професионални пожарникари спасители од Категорија В се:

Професионалните пожарникари - спасители од Категоријата В треба да ги исполнуваат следниве посебни услови за работното место:

а) стручни квалификации, и тоа:
- за сите нивоа од категоријата В ниво на квалификациите квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование;

б) работно искуство и тоа:
- за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија како работен стаж,
- за нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија како работен стаж,
- за нивото В3 најмалку една години работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија како работен стаж,
- за нивото В4 со или без работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија како работен стаж.

(2) За работните места од категорија В се применуваат пет општи работни компетенции на основно ниво и тоа:
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон засегнати страни.“

Член 8

Во глава IV Опис на работните места во општина Виница, во Територијална противпожарна единица, работното место со реден број 89, со шифра УПР0402Б04000 **се менува и гласи:**

Реден број	89

Шифра	ПОЖ0210Б04000
Ниво	Б4
Звање	/
Назив на работно место	Командир на одделение
Број на извршители	1
Одговара пред	Градоначалник на Општината
Вид на образование	Вишо, средно гимназиско или средно стручно образование
Други посебни услови	-Возачка дозвола Ц категорија
Работни цели	-Активно, ефективно и ефикасно одржување во мобилна состојба и раководење со територијалната противпожарна единица;
Работни задачи и обврски	- извршува работи и задачи од областа на ППЗ во согласност со законите, подзаконските прописи и другите општи акти, - раководи со ТППЕ - ја организира, насочува и координира работата на ТППЕ - ги распоредува работните задачи - дава упатства за работа и го следи текот на работите во ТППЕ

Член 9

Во глава IV Опис на работните места во општина Виница, во Територијална противпожарна единица, работното место со реден број 90, со шифра УПР0402Б11000 **се менува и гласи:**

Реден број	90
Шифра	ПОЖ0210В02000
Ниво	В2
Звање	/
Назив на работно место	Пожарникар спасител - водач на група
Број на извршители	5

Одговара пред	Командир на одделение
Вид на образование	Вишо, средно гимназиско или средно стручно образование
Други посебни услови	-Возачка дозвола Ц категорија
Работни цели	-Активно, ефективно и ефикасно организирање на групата согласно инструкциите од непосредно претпоставениот за поуспешно спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии
Работни задачи и обврски	- ја организира и предводи групата за интервенции во случај на пожар, - ја обучува групата за интервенции во случај на пожар, - ја насочува групата за интервенции во случај на пожар - ги следи и применува законските прописи во областа на ППЗ - се грижи за опремата на ТППЕ

Член 10

Во глава IV Опис на работните места во општина Виница, во Територијална противпожарна единица, работното место со реден број 95, со шифра УПР0402Б14000 **се менува и гласи:**

Реден број	95
Шифра	ПОЖ0210В03000
Ниво	В3
Звање	/
Назив на работно место	Пожарникар спасител – техничар
Број на извршители	7
Одговара пред	Командир на одделение
Вид на образование	Вишо, средно гимназиско или средно стручно образование
Други посебни услови	-Возачка дозвола Ц категорија
Работни цели	- Активно, ефективно и ефикасно спасување на животот на граѓаните, заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии, укажување на техничка помош при незгоди

Работни задачи и обврски	- ги извршува работите и задачите поврзани со тековните, оперативните и непосредните акти и активности; - ги одржува во исправна состојба моторните возила кои ќе му бидат доверени; - ги следи и применува законските прописи во областа на ППЗ; - се грижи за опремата на ТППЕ; - се грижи за редовно сервисирање, за роковите за технички преглед и за регистрација на возилата

Член 11

Во глава IV Опис на работните места во општина Виница, во Територијална противпожарна единица, работното место со реден број 102, со шифра УПР0402Б13000 **се менува и гласи:**

Реден број	102
Шифра	ПОЖ0210В04000
Ниво	В4
Звање	/
Назив на работно место	Пожарникар спасител
Број на извршители	1
Одговара пред	Командир на одделение
Вид на образование	Вишо, средно гимназиско или средно стручно образование
Други посебни услови	-Возачка дозвола Ц категорија
Работни цели	- Активно, ефективно и ефикасно непосредно учество во акции за гасење пожари, спасување на луѓе и добра и отстранување последици од елементарни непогоди
Работни задачи и обврски	- одржувањето на исправната состојба на техничките средства и опремата кои ќе му бидат доверени; - се грижи за извршување на работите и задачите во согласност со законските, подзаконските и другите општи акти и врз

	основа на непосредните наредби, упатства и инструкции од непосредниот раководител; - ги следи и применува законските прописи во областа на ППЗ; - следи упатства и инструкции од непосреден раководител; - подготвува и обработува документација по утврдена методологија

Член 12

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот дел на Правилникот, се вршат измени и дополнувања и во Табеларниот преглед, кој е доставен како прилог на овој Правилник.

Член 13

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

општина Виница
Градоначалник
Миле Петков

Архивски број: 04-75/4
Датум:21.08.2023